# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

Службениот гласник на
Општина Росоман
излегува по потреба

Службен гласник бр.9
30.09.2024 година
Општина Росоман

Изготвува општинската
администрација на
Општина Росоман

Тел.(043)441-331 факс.(043)441-443

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 1.1,1 од утврдениот дневен ред на седницата, донесен на 43-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.09.2024 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 534/1.1,1**
**02.10.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 9 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), Советот на општина Росоман на 43-тата седница одржана на 30.09.2024 година, донесе

# ЗАКЛУЧОК

1. По однос на точка 1.1,1 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Предлог-Ребаланс на Буџетот на Општина Росоман за 2024та година, по негово разгледување од страна на Советот, Членот Влатко Трајков поднесе 4 Амандмани и 2 предлози по одредени ставки од кои беа усвоени два амандмани и тоа:
   - Амандман I – А00 Совет на општина, 426210 Расходи за репрезентација да се промени сумата од 430.000 денари на 230.000 денари и остатокот да биде префрлен во Капитални расходи JDB Изградба на улици на територија на општина Росоман.
   - Амандман II – Е00 Општинска администрација, 426210 Расходи за репрезентации да се промени износот од 295.000 денари на 195.000 денари а остатокот од средствата да бидат префрлени во ставка 482120 Изградба на улици на територија на Општина Росоман.

2. Советот на Општина Росоман го задолжува Градоначалникот да го спроведе овој Заклучок, односно да пристапи кон измена на средствата од наведените ставки, по што Ребалансот би бил точка на дневен ред за расправа на наредната седница на Советот.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-534/1.1,1**
**30.09.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиска помош на физичко лице, донесена на 43-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.09.2024 година.

Изработила: З/К

**Бр. 09 – 534/1.1,2**
**02.10.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 9 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а согласно Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на Општина Росоман за 2024-та година, Советот на Општина Росоман на 43-та седница одржана на ден 30.09.2024 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за одобрување на финансиска помош на физичко лице

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиска помош за лечење во висина од 20.000,00 денари, а по однос на поднесеното Барање со бр.08-449/1 од ден 06.08.2024 година, од страна на Бекман Шакири.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Росоман.

**Бр.08-534/1.1,2**
**30.09.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман" бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за недавање на согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Росоман" – Росоман за 2025 година, донесено на 43-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.09.2024 година.

Изработила: З/К

**Бр. 09 – 534/1.2**
**02.10.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 9 точка 43 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 43-та седница одржана на ден 30.09.2024 година, го донесе следното

# **РЕШЕНИЕ**

**за недавање на согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Росоман“ – Росоман за 2025 година**

1. Со ова Решение не се дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Росоман“ – Росоман за 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Росоман.

**Бр.08-534/1.2**
**30.09.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# **З А К Л У Ч О К**

Се објавува Решението за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ „Праскичка“ - Росоман за 2023/2024 година, донесено на 43-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.09.2024 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-534/1.3**
**02.10.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 9 точка 31 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман" бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 43-та седница одржана на ден 30.09.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ „Праскичка" - Росоман за 2023/2024 година**

1. Со ова Решение се усвојува Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ „Праскичка" -Росоман за 2023/2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Росоман.

**Бр.08-534/1.3**
**30.09.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за именување на член на Управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, донесена на 43-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.09.2024 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-534/1.4**
**02.10.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 9 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22 и 274/22), а во врска со член 10 од Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.13/23) на Предлог на Комисијата за селекција за избор на член на Управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, Советот на Општина Росоман на 43-та седница одржана на ден 30.09.2024 година, донесе

# О Д Л У К А
## за именување на член на Управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци

**Член 1**

За член на Управен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци **СЕ ИМЕНУВА**:

- Стефанија Јованова.

**Член 2**

Мандатот на членот на Управен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци трае 4 (четири) години од денот на именувањето.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Росоман.

**Бр.08-534/1.4**
**30.09.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 1.5 од утврдениот дневен ред на седницата, донесен на 43-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.09.2024 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 534/1.5**
**02.10.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 9 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 43-та седница одржана на 30.09.2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

1. По однос на точка 1.5 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето поднесено од ЈПКД „Росоман“ - Росоман, а во врска потребата на ЈПКД за финансиски средства од 700.000 денари, Советот одлучи:
   - Советот по предлог на подносителот на барањето одлучи Барањето да биде повлечено од дневен ред и истото да биде разгледано на наредна седница.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Росоман.

**Бр.08-534/1.5**
**30.09.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

**З А К Л У Ч О К**

Се објавува Одлуката за рамнење и тампонирање на полски пат во с.Трстеник, донесена на 43-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.09.2024 година.

Изработила: З/К

**Бр. 09 – 534/1.6**
**02.10.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 43-та седница одржана на ден 30.09.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

**за рамнење и тампонирање на полски пат во с.Трстеник**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува Барањето бр.08-381/1 од 25.06.2024 година поднесено од група граѓани од с.Трстеник а се однесува на рамнење и тампонирање на полски пат во с.Трстеник – од селото па се до местото викано Кинески ѕид во правец на Малинова чешма.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Росоман.

**Бр.08-534/1.6**
**30.09.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**